# THE ONE WORLD PERSPECTIVE - CHRONOLOGICAL OVERVIEW OF THE DEVELOPMENT OF ALEXANDER'S OIKUMENE

**Ljuben Tevdovski, Ph.D.**
Institute of History and Archaeology, FES, Goce Delcev University
**ljuben.tevdovski@ugd.edu.mk**

**Publisher info:**

**Title:**
Review of the Institute of History and Archaeology RIHA
**web address:**
http://js.ugd.edu.mk/index.php/RIHA

**ISSN: 2671-3144**
**eISSN: 2671-3152**

**First Published: 2010**

**Subject:**
history, archaeology, anthropology
history of art, ethnology,
other humanities

**Publisher:**
Institute of History and Archaeology
FON, Goce Delcev University

**Editor in Chief:**
Ljuben Tevdovski
Goce Delcev University, Macedonia
ljuben.tevdovski@ugd.edu.mk

**Editorial Board:**
Todor Chepreganov
Goce Delcev University, Macedonia
Nevena Trajkov
Florida International University, USA
Trajce Nacev
Goce Delcev University, Macedonia
Jaromir Benes
Univer.of South Bohemia, Czech Republic
Stojko Stojkov
Goce Delcev University, Macedonia
Aleksandar Bulatovic
Institute of Archaeology, Serbia
Verica Josimovska
Goce Delcev University, Macedonia
Svetla Petrova
Bulgarian Academy of Sciences, Bulgaria
Oliver Cackov
Goce Delcev University, Macedonia
Martin Husar
Constantine the Philosopher University, Slovakia

## Abstract:

Alexander's conquest of the East represented and still represents one of the most important, omnipresent and romanticized historiographic narratives. Yet, the complex global transformations that followed this conquest and created Alexander's *oikumene* were less popularized in modern historiography. One of the reasons behind such developments in ancient and modern historiography is the specific ambivalent view of the "Western" elites on the world of Alexander's descendants that united and represented an amalgamation and globalized version of the cultures of the Old World of the three continents.

This specific chronological overview of the Macedonian imperialism aims to provide a new approach and different focus to the ancient globalized world, that diverges dramatically from the traditional Eurocentric and classicistic asymmetric views developed during the 19$^{th}$ and early 20$^{th}$ century. It exposes the complex civilizational infrastructure laid down in this period, that outlived many empires and remained important center of influence to both East and West for almost two millennia.

## Keywords:

Ancient globalization, dynastic courts, elites, global infrastructure, Macedonian imperialism.

**Theme/s:** Hellenistic History, Roman History, Ancient Globalization, History of Empires.

д-р Љубен Тевдовски

## Вовед

Походите на Александар на Исток, до Индија, претставуваат една од најзначајните, најприсутните и најромантизираните историографски епизоди. Една од причините поради кој оваа епизода била толку нагласена во светската историографија низ вековите е нејзиниот формативен карактер во создавањето на обединетиот универзум на Стариот свет. Сепак, модерната историографија во деветнаесеттиот и дваесеттиот век, под влијание на погледите и потребите на западните елити, на оваа историска епизода гледала, пред се, како на почеток на „Западната доминација“ и глобална надмоќ. Токму поради ова и на светот создаден од македонскиот крал и светски император се гледало пред се низ очите на римските автори и како конститутивен или деструктивен елемент на „Римскиот свет“, оној митски претходник на западноевропските модерни култури и „Западната цивилизација“ воопшто.

Сепак, современите автори нагласуваат дека светот на Александар, кој во времето на неговите наследници се протегал од Атлантикот до Пацификот, претставува, подеднакво, дел од наследството и темелните вредности и на Западот и на Истокот. Македонскиот империјализам, како комплексен децентрализиран модел, кој ги презел и адаптирал милениумските империјални традиции на Блискиот Исток, претставувал клучен период во развојот на она што современите истражувачи го нарекуваат античка глобализација или глобализација *avant la lettre*.

Токму затоа, овој труд има за цел преку јасна хронолошка рамка, да ги претстави важните точки на развојот на Александровата екумена во четирите века до раѓањето на Исус. Таа, ја има општата форма на табела за периодизација, но преку екстензивни објаснениja на појавите, личностите и процесите, има за цел да ги долови клучните етапи од развојот на Стариот свет во периодот на Македонскиот империјализам.

Трудот се приклучува на новите тенденции во историската наука и проучувањата на класичниот период, кои ги применуваат методологиите на глобализацијата и го децентрализирааат глобалниот развој, надвор од вештачки создадените перцепции за Западот како негово природно јадро. Тој има за цел да посочи кон значајната цивилизациска инфраструктура на Стариот свет, со центар во Источниот Медитеран, создадена или надоградена во периодот на Македонскиот империјализам. Овој моментум на античкиот глобализациски процес го повлијаел, трансформирал и надживеал Рим на западот, како и империите на истокот, а неговото основно јадро во источниот Медитеран продолжило да суштествува како централна оска на глобалниот развој се до средината на вториот милениум.

## Последните етапи од периодот на Персискиот империјализам

387-386 **Склучувањето на Кралскиот мир** – со овој договор Персија успева целосно да се наметне на Егејот и помеѓу Хелените. Со помош на Спарта, и со поткуп, наместо завојување, персискиот династ Артаксеркс II го враќа под персиска управа источниот брег на Егејот, а на хеленските полиси преку Егејот им дава автономија. Ова се смета за клучен договор со кој Персија конечно ги пацифизира Хелените.

387 **Академијата, една од најпознатите образовни институции на класичниот свет, е формирана од Платон**. Во нејзиниот углед верувале и дел од Персиските благородници, а просперирала и по доаѓањето на Македонците во полисот. Академијата била срушена од Римјаните во 86г. пне, но традицијата на платонистичката филозофија продолжила, а познатиот философот Атиох (од Ескалон) веќе во 79г. пне држел предавања на гимназиумот Птолемај.

384 **Се раѓаат Аристотел и Демостен.** Двајцата интелектуалци ќе го означат почетокот на Македонскиот империјализам во Хелада, а тензиите помеѓу нивните наследници во Атина продолжиле се до II век п.н.е. Двајцата го завршуваат животот во 322 г. п.н.е.

374 **Платениците на Ификрат и неуспешниот поход на Египет**. Платеници од хеленските полиси на чело со атињанитот Ификрат се вклучени во походот на Персијците за повторно освојување на Египет. Походот е неуспешен, а платеници од полисите учествуваат и на страната на Египјаните.

371 **Тебанците под раководство на Епамејнонда ги поразуваат Спартанците кај Леукра**. Со ова тие ги уништуваат спартанските напори за превласт помеѓу хеленските полиси, и стануваат заеднички непријател на Атина и Спарта.

369 **Македонија зазема делови на Тесалија** - Македонскиот крал Александар II, во заземените региони на Тесалија остава македонски гарнизони во градовите.

366-360 **Големиот бунт на сатрапите**, персиските сатрапи на Мала Азија и Ерменија, со поддршка и од египетскиот фараон, подолго време кревале различни некоординирани и често спротивставени бунтови еден против друг. Но, речиси две децении (372-352г. п.н.е.) овие области и елити покажувале нелојалност кон централната персиска власт.

359 **Филип станува крал на Македонците** – Во текот на двете децении на неговата власт Македонија станува европски хегемон, поразувајќи ги и окупирајќи ги Илирија, Тракија, Тесалија, Скитите и Трибалите до 339г. Филип ја наметнал македонската доминација и во Епир и Хелада, и ги започнал нападите на Азија.

356 **Основан е градот Филипи од страна на македонскиот крал Филип II.** Градот е познат како прв иот град во Европа во кој дошло

христијанството, преку проповедите на апостол Павле. Овој важен македонски центар е основан од македонскиот крал во близина на важните златни рудници на Пангеј, и стратешки лоциран помеѓу долните текови на Места и Струма. Според философот Теофраст, Филип презел значајни проекти за сушење на мочуриштата околу градот и отворање на нови рудници во Пангејските гори. Филип продолжил да биде важно македонско урбано јадро повеќе од еден милениум.

353-350 **Мавзолејот во Халикарнас**, бил подигнат во чест на значајниот персиски сатрап и династ на Карија, Мавзол и претставува особен претставник на уметноста и ран пример на масивната пограбната архитектура од класичниот период.

352–342 **Артабаѕ II и неговото семејство на македонскиот кралски двор** - еден од најдоверливите сатрапи на персискиот династ Артаксеркс III, Артабаѕ II, кој го задушил претходниот бунт на сатрапите, и владеел со Хелеспонтска Фригија, на клучната точка на премин од Азија во Европа, се одметнал во бунт во 356. По неуспехот на Бунтот, со целото семејство од 11 сина и 10 ќерки заминал во азил на дворот на Филип II во Пела. Подоцна неговата ќерка Барсина од врската со Александар III Македонски го родила синот Херакле. Артабаѕ бил назначен од Александар за македонски сатрап на Бактрија.

343-331 **Александар, владетел од Молосите** - бил брат на Олимпија и пораснал во Пела под заштита на македонскиот крал Филип, кој го поставил за крал на Епир и му ја дал за жена својата ќерка Клеопатра, сестра на Александар III Македонски.

343 **Аристотел е назначен за учител на Александар**

342 **Теопомп престојува во Македонија** – познатиот историчар и ученик на промакедонскиот ретор Исократ, се вратил со власта на Македонците во родниот Хиос, но, по антимакедонскиот бунт на Хелените, по смртта на Александар морал да замине како бегалец на дворот на македонскиот генерал и династ Птолемај I.

338 **Филип II и Македонците ги поразуваат Хелените во битката кај Хајронеја.** Крајот на „слободата на Хелените“ значел македонски гарнизони во цитаделите и пристаништата и промакедонски управи во хеленските градови, како и почеток на чествување на македонскиот династ како бог во Хелада, со изградбата на храмот Филипеон, помеѓу храмовите на боговите во Олимпија.

336 **Филип ги праќа првите македонски војски во Мала Азија** – Десетте илјади македонски војници на чело по македонските благородници Парменион, Атал и Аминта имале почетен успех, а по првичната деморализираност од убиството на Филип, во 334 ќе го пречекаат новиот крал Александар и многумина од нив ќе се вклучат на значајни позиции во неговиот поход врз Персиската империја.

335 **Александар ја зазема и пали до темел Теба**, најмоќниот град на Хелените, како пример за сите Хелени, кои на чело со Теба и со поддршка на Атина кренале востание против македонската власт.

## Периодот на македонскиот империјализам

336-325 **Создавањето на Македонската империја под власт на Александар III Македонски**

335-332 **Иконските портрети на Александар III Македонски** биле изработени од најпознатите уметници на класичната епоха Лисип, Апел и Леохар.

334-323 **Ликеј, една од најпознатите образовни институции на класичниот свет, е формирана од Аристотел** пред Храмот на Богот на сонцето Аполон, во Атина. Доаѓајќи со Македонците во 335, Аристотел морал да бега од Атина веќе во 323 година поради востанието против македонската власт. Сепак тој успеал да ја формира новата значајна филозофска школа – перипатетичари, која обединувала значајни мислители и политички лидери во Атина и на дворовите на македонските династи. Ликејот бил срушен од Римјаните во 86г. п.н.е.

334-330 **Александар од Молосите повел голем поход во Италија**, поразувајќи повеќе племиња, но сепак загинал, а власта во Епир останала кај сестрата на Александар III Македонски, Клеопатра, која добила многу понуди за брак од повеќе македонски генерали кои претендирале да ја наследат македонската империја по смртта на Александар III.

334 **Битката кај Граник.**

333 **Битката кај Ис.**

332 **Александар прогласен за син на влијателното египетско божество Амон,** на легендарното патување на македонскиот крал до храмот на божеството во оазата Сива во либиската пустина.

331 **Заземањето на Бабилон и Суса и палењето на Персеполис.**

326 **Македонските војски на реката Инд,** победата над кралот Пор.

324 **Свадбата во Суса (Суза).** На големиот фестивал во организација на македонскиот крал 10.000 Македонци биле оженети со Персијки, како прва визија за легитимирање на новата владеачка класа во македонската империја. Младоженците, биле седнати на специјални столови, според протоколот поврзан со нивното значење на македонскиот империјален двор, а секој од нив добил и мираз од новиот владетел на универзумот, Александар. Свеченостите започнале со свадба на самиот македонски крал. Тој се оженил со принцезата Статира, ќерката на последниот персиски цар Дареј II, и нејзината братучетка, принцезата Парисатида, ќерката на претходниот персиски цар Артаксеркс III. Со персиски и мизијски принцези и благороднички во оваа прилика биле оженети најзначајните македонски благородници и генерали кои учествувале на походот, како Хајфастион, Птолемај и Селевк. Сепак, по смртта на Александар, персиските жени изгубиле на значење, бидејќи македонските благородници преку нови бракови се обидувале да го докажат своето предимство за престолот во Пела, барајќи македонски принцези и благороднички „од високо потекло“.

323 **Смртта на Александар Македонски во Бабилон.**

323-322 **Ламиската војна**, била последниот позначаен, а сепак неуспешен, обид на Хелените за ослободување од македонската власт. Започнала веднаш по смртта на македонскиот крал Александар III. На почетокот на побуната хеленската војска, предводена од Атина, која броела 25.000 војници имала одреден успех во соочувањата со 13.000 македонски војници предводени од искусниот генерал и александров намесникот за Европа, Антипатар. Сепак, по повикувањето на македонски војски од Азија бунтот на Хелените бил брзо задушен, а Антипатар ги казнил заговорниците и официјално ја укинал демократијата во Атина. Во конфликтот загинал еден од најзначајните македонски аристократи и александров генерал, Леонат од Линкестида, кој преку бракот со сестрата на Александар, Клеопатра, бил еден од најсериозните претенденти за тронот на Македонската империја.

323-321 **Пердика е врховен генерал на македонската империја.** Овој македонски бладородник (принц) од Орестида (Костурско) најпрво ја водел македонската фаланга, а подоцна и елитната коњаница, и станал познат по своето јунаштво во битките против Хелените, па Александар му дал важна улога и во освојувањето на Истокот, се до Индија. И покрај напорите да го држи единството на светската империја, како регент на болниот брат на Александар, Филип III и неговиот син Александар IV, Пердика не успеал да ги владее искусните и еднакво угледни македонски генерали и аристократи Леонат, Кратер, Антигон, Антипатар и Птолемај. Не успевајќи да го совлада Птолемај во Египет, а во побуната и на други генерали бил убиен.

323-321 **Создавањето на македонските светски династии.** Ќерките на познатиот генерал на Филип II и главен наместник на Македонија и Европа за време на Александровиот поход кон Исток, Антипатар, се мажат со најмоќните македонски генерали во светот. Никеја се мажи со Пердика, Фила со Кратер, Евридика со Птолемај. Подоцна, по смртта на Леонат, Пердика склучува нов брак со Клеопатра, ќерката на Филип II и сестра на Александар III. По смртта на Кратер, Фила е омажена за Деметриј, синот на Антигон, а Никеја за Лизимах.

322 **Македонскиот масакар врз 23.000 Хелени во Бактрија.** Поведувањето на Хеленски војници во походот на Македонците до Индија имало помало значење за источната кампања, отколку за стабилноста и доминацијата на Македонија во Европа. Најголем дел од војниците од хеленските полиси припаѓале кон три категории: 1. принудно земени како заложници или со договори од поразените полиси, 2. Хелени кои служеле на Персијците и во персиската војска, па по поразот, за да го спасат својот живот, се обврзале да им служат на Македонците и 3. платеници. Недовербата на Македонците кон Хелените резултирала со тоа голем дел од нив да бидат сместени во крајните североисточно провинции на Бактрија - слична пракса како онаа на Персиската империја. Овие Хелени уште во текот на животот на Александар пробувале да се вратат на Запад. Сепак, веднаш по смртта на македонскиот крал во 323, а истовремено со бунтот на Хелените во Хелада, 23.000 Хеленски платеници кренале бунт против македонската

власт во Бактрија. Македонскиот нов врховен командант, Пердика, како искусен воин тешко ранет во раните битки против Хелените, донел одлука која е речиси неповторена во класичната епоха. Тој му наредил на неговиот заменик, македонскиот генерал Пеитон, да ги убие сите 23.000 побунети Хелени. Иако, Пеитон дошол со помалубројна војска, тој победил дел од Хелените и им понудил да се предадат и да им бидат спасени животите. Сепак, по предавањето на Хелените, не чекајќи ја наредбата од својот генерал, Македонците, според изворите, веднаш ги убиле сите 23.000 (или 20.0000 од нив).

317-307 **Философот Деметриј од Фалерон владее како македонски наместник во Атина**. Еден од највијателните македонски денерали и иден династ во Пела, Касандар, го поставил за наместник на градот, Деметриј, ученик на Теофраст, најблискиот соработник на Аристотел, нов сколарх на Ликејот и близок соработник на македонските владетели. Декадата на Деметриј, носи значајни политички, правни и културни трансформации во Атина, вклучувајќи го и почетокот на златното време на комедијата на Менандар. Основачот на „Новата комедија", уште еден ученик на Ликејот и пријател на Деметриј, како и други про-македонски протагонисти, преку своите драми го најавува новото време, каде политичките интриги и зајадливост на комедиографите на некогаш независната и влијателна Атина, се заменети со семејни и комунални сцени на хумор, посоодветни за новиот свет на македонските империи. Комедиите на Менандар ќе станат основа на развојот на модерниот театар.

315 **Основан е градот Никеја, познат помеѓу христијаните ширум светот по Никејскиот симбол на Верата,** донесен на Првиот екуменски собор по покровителство на императорот Константин. Градот бил основан под името Антигонеја од македонскиот генерал Антигон, основачот на династијата на Антигонидите, кој населил македонски војници од централниот дел на Македонија, Ботиаја. Подоцна македонскиот династ Лизимах, го прекрстил овој град во Никеја, по својата сопруга. Кралицата Никеја била ќерка на македонскиот генерал и Александров наместник за Македонија и Балканот, Антипатар, и најпрвин била омажена за наместникот на македонската империја во Бабилон, Пердика, кој подоцна се оженил за Александровата сестра Клеопатра.

315 **Основан е градот Тесалоника (Солун),** еден од најважните урбани центри во наредните милениуми, познат кај класичните и средновековните автори и како „Метрополата на Македонците". Градот бил основан од Касандар, синот на генералот Антипатар, македонскиот наместник на Европа. Касандар, се оженил со Тесалоника, ќерката на Филип II. Принцезата Тесалоника, била именувана од Филип во чест на неговата значајна „тесалиска победа", една од првите негови важни победи против Хелените и значаен чекор за ширење на македонската власт кон југ. За Касандар, бракот со ќерката на Филип значел легитимација на неговите империјални амбиции, и токму затоа новооснованиот град го именувал по оваа македонска кралица.

312/311 **Почеток на современото сметање на времето – „Ерата на Македонците"** е воспоставена од страна на Селевкидската династија, со

што започнало универзално сметање на времето. Од овој момент времето веќе не прекинувало, за разлика од праксите кај повеќе антички кралства, каде се сметало времето од годината на владеење на секој нареден владетел, или помеѓу различните Олимпијади кај хеленските полиси или годината од доделување на конзулство на поединечни Римјани. Прогласувањето на Селевк Никатор за владетел во престолнината на Македонската империја на Александар - Бабилон, станало универзален почеток на календарот, а оваа „Ера на Македонците“ и „Македонскиот календар“ (имињата на месеците) биле доминантни на Блискиот Исток се до VI век, а присутна и во XIV век. Помеѓу одредени еврејски заедници ваквото броење на времето останало присутно се до XVI век, а во богослужбите на Асириската црква се до XX век.

310 **Смртта на Роксана и синот на Александар IV,** легитимниот син на владетелот на Македонската светска империја, Александар III.

309/308 **Смртта на Херакле, „нелегалниот“ син на Александар**. Младото момче, кое многу личело на Александар, било син на Барсина, ќерка на Артабаѕ II, важниот персиски сатрап на Фригија и крвен наследник на Персиските цареви, кој се одметрнал и со своето семејство поминал 10 години на македонскиот двор под заштита на Филип II. По смртта на Александар IV, дел од македонските генерали, како Полиперхон, во него гледале можен наследник, но Херакле брзо бил елиминиран во меѓусебните борби на генералите.

308 **Орфела од Пела го започнува нападот на Картагена** - Македонскиот адмирал од походите на Александар, и подоцнежен намесник и владетел на Киренајка, собрал голема војска, која во марш од два месеца стасала од Картагена, со цел да го заземе западниот дел од медитеранскиот брег на Африка. Пред нападот на Картагена, Орфела бил убиен од својот нелојален сојузник Агатокле од Сиракуса.

306-305 **Неколку македонски генерали и благородници биле прогласени на кралеви, наследници на македонската империја.** Се смета дека процесот започнал со најмоќниот генерал Антигон и неговиот син Деметриј, а брзо потоа дијадема (македонската круна) ставиле и Касандар, Селевк, Птолемај и Лизимах.

303 **Селевк склучува договор со индискиот владетел Чандрагупта**. Се смета дека овој владетел на крајниот исток на македонскиот империјален свет се оженил со една од ќерките на македонскиот династ Селевк и добил дел од неговите источни владенија. За возврат тој му обезбедил на династот слонови за македонската војска. Слоновите ќе станат особено важен елемент на војувањето од овој период, а античките автори ги нарекувале и „македонските ѕверови“.

301-300 **Македонската принцеза од Александрија станува кралица на Сицилија**. Во рамките на птолемајските политики за ширење на влијаниете кон запад, принцезата Теоксена била омажена за новопрогласениот крал на Сицилија, нејзиниот брат Магас станал крал на Киренаика, а нејзината сестра Антигона кралица на Епир. Тие се деца на македонската кралица Береника од Александрија, но не од династот

Птолемај, туку од нејзиниот прв брак со друг значаен македонски војсководец од ерата на Александар, Филип, синот на Аминта.

301 **Битката кај Ипс**, во која повеќе македонски генерали и подоцна династи ќе се соочат со искусниот генерал на Филип II и Александар III, Антигон Еднооокиот, според многумина ја определила формата на македонскиот империјализам во наредните векови. Губењето на оваа битка од страна на Антигон (и смртта на Антигон), кој подолг период ефективно владеел со централниот дел на Македонската империја, и поделбата на териториите помеѓу останатите македонски генерали, долгорочно ја затворило можноста за целосно обединување на македонскиот империјален свет. Иако наследниците на Антигон подоцна го презеле престолот во Пела, а обиди за обновување на Александровата империја имало и од страна на другите династи, во текот на III век п.н.е. јасно се оформиле и стабилизирале три поголеми јадра на македонскиот империјализам. Во овој период, секој од македонските династи кои владееле со трите континенти, бил од страна на својот династички двор прокламиран за владетел на универзумот и универзален наследник на Александар и македонските кралеви, а постојаните меѓусебни бракови помеѓу македонските династи од различните центри создале ефективно една династија. Сепак, поделеноста во ефективното владеење на глобалниот простор на македонскиот империјализам останала непроменета се до крајот на овој период.

302 – 288 **Мегастен, амбасадорот на македонскиот генерал и династ Селевк Никатор**, патува низ Индија на своите посети на Паталипутра, престолнината на Чандрагупта во североисточна Индија, и ја опишува нејзината култура во неговото дело Индика, основен извор на авторите од подоцнежниот период.

300-295 **Македонскиот генерал и династ Птолемај I ја основа Александриската библиотека**, и најпознатата научно-културна и религиозна установа на класичниот период – Мусејон (Музеум). Во Александриската библиотека се смета дека имало најмалку половина милион книги (свитоци), а уште десетици илијади имало и во втората библиотека во храмот на Сарапис во градот. По заповед на македонскиот династ Птоломеј, и веројатно со помош на директорот на Музеонот Деметриј (од Фалерон), биле преведени и светите книги на еврејските племиња на дворскиот коине јазик – како прв примерок на идниот библиски Стар Завет.

300 **Македонскиот крал Деметриј Опсадникот (или Спасителот) на преминот кон III век п.н.е, заробил римски пиратски бродови**, според Страбон, и ги пратил назад во Рим со порака дека ако сакаат да се придружат кон цивилизираните полиси, кои добивале одредени привилегии од македонските династи, треба да се откажат од пиратството.

295 **Изградено е едно од седумте светски чуда - Колосот од Родос**. Во 305г. п.н.е. македонските генерали ја засилуваат својата битка за превласт во империјата, а центар на овие конфликти бил Источниот Медитеран. Деметриј „Опсадникот", синот на најмоќниот македонски генерал и

империјален управник во тој период, зазема повеќе острови, кои биле под влијание на Птолемај, и најпосле решава да го опсади и заземе и стратешки важниот остров Родос. Одбраната на Родос, помогната од Птолемај, но и од помошта од другите македонски генерали и подоцнежни династи Лизимах и Касандар, го задржала амбициозниот млад „опсадник“ доволно, за да мора да направи компромис. Во договор со него островот се придружил на поддршката кон неговиот татко Антигон, но, без во него да биде поставен воен гарнизон и со ветување островјаните да не се борат против својот покровител Птолемај. Подоцна, жителите на Родос им подигнале статуи на Лизимах и Касандар, а Птолемај бил прогласен за бог и „Спасител“. Од продажбата на комплексната опсадна опрема која Деметриј ја оставил на островот, жителите на Родос ја нарачале изградбата на познатата статуа на богот на сонцето Хелиос, со радијална круна, попозната како „колосот од Родос“.

295 **Подигната е познатата скулптура на божицата Тихе (Тиха) во Антиохија.** Ова пред тоа периферно божество во македонскиот империјален период добило централна улога – означувајќи ја среќата и судбината. Скулптурата на божицата Тихе од Антиохија, била важен симбол на градот Антиохија, еден од четирите града кои прераснале во најважен селевкидски центар на Медитеранот, и еден од најголемите центри на Медитеранот во наредните два милениуми. Таа имала мурална круна (во форма на тврдина), преземена од асириските традиции, пченица во раката, како симбол на просперитетот, седела на камен, а под нејзините нозе била претстава на реката Оронт, или Аксиј, како што ја нарекле Македонците. Ваквата претстава на Тихе станала универзална ширум класичниот свет, а важноста на божеството во пантеонот на владеачката класа го пренесува Јозеф Флавиј, кој вели дека Македонците биле горди дека ним Тихе им го подарила владеењето со светот.

290 **Римјаните ги победиле Самнитите** и се доближиле на Јужна Италија веќе делумно опфатена со глобализациskiот процес под влијание на македонските империјални центри.

289-281 **Изграден е храмот посветен на македонската кралица Арсиноја на островот Самотраке, Арсинојон.** Храмот бил изграден на островот Самотракија на северниот брег на Егејското Море, кој со својот древен мистичен култ имал големо значење за македонските монарси од Филип II до Персеј. Арсинојонот бил посветен на македонската кралица од Пела, и една од најзначајните личности на империјалниот свет на почетокот на III век п.н.е. Таа била ќерка на династот и александров генерал, Птолемај I, сопруга на династот и генерал Лизимах, подоцна кралица во Пела и сопруга на својот полубрат Птолемај Громовникот, и најпосле кралица и божица на птолемајскиот двор во Александрија. Арсинојонот на островот Самотракија е едно од најзначајните архитектонски дела на раниот период на македонскиот империјализам. Претставува втора позната кружна градба по Филипејонот во Олимпија, со впечатлив дијаметар од 20 метри и без централни потпори.

287 **Изграден е Светилникот во Александрија,** од страна на македонскиот династ Птолемај II Филаделф. Градбата посветена на неговите родители,

„боговите Спасители", со векови претставувала највисоката и најпозната конструкција од класичниот свет.

281 **Пир го почнува својот поход на Италија**. Како внук на Олимпија, тој и неговото семејство рано учествувале во многу битки за превласт помеѓу македонските генерали. Тој бил дел од војската на македонскиот генерал Антигон и неговиот син Деметриј Освојувачот, во нивните напори да го преземат престолот во Пела од Антипатридите. Во 299 г. п.н.е. Пир бил испратен од Деметриј како заложник на дворот на македонскиот династ Птолемај во Александрија. Птолемај го организирал бракот на Пир со Антигона, ќерката на неговата втора жена, кралицата Береника I. Антигона била ќерка на Береника, од македонскиот благородник и генерал Филип, кој загинал на походот кон Индија, а нејзината сестра Теоксена, веќе била поставена за кралица во Сицилија, како сопруга на локалниот лидер Агатокле. Во овој контекст, како и во контекстот на бракот на Пир со ќерката на Агатокле, на походите на Пир на Италија, можат да се гледа и како на дел од раните империјални амбиции на Птолемаидите кон Западниот Медитеран. Сепак, овој авантурист одржувал блиски односи и со останатите моќни македонски династи. Во Италија Пир во повеќе битки ги поразил Римјаните, а како наследник на владението на Агатокле во Сицилија, се соочил и со Картагенците и побунетите хеленски градови, по што се вратил на борбата за македонскиот престол во Пела.

280-279 **Навалата на Галите** – Влегувањето на Галите во светот на македонските династи се одвивало во клучен момент на глобалниот конфликт помеѓу македонските династички лози. Токму, неочекуваниот продор на Галите го одвело во смрт, првородениот син на влијателниот македонски генерал и династ Птолемај I. Птолемај Громовникот (Кераун), откога ја загубил превласта во Египет од својот помал брат Птолемај (II), се вратил во Европа и бил директно вклучен во елиминирањето на најславните и највлијателни македонски генерали и династи Селевк Победникот и Лизимах. Иако, Птолемај Кераун накратко го добил престолот во Пела, токму неговата смрт и победата на Антигон Гонат над Галите, ја донело новата династичка куќа на Антигонидите на македонскиот престол. Трајното населување на Галите во Мала Азија, ги ставило во центарот на македонскиот династички свет, а тие често биле користени и како наемни војници од различните македонски династи.

274–271 **Прва сириска војна** - воен судир помеѓу Птолемаидите и Селевкидите.

273 **Римјаните го зазеле Тарент.** По повлекувањето на Пир од Италија, и зафатеноста на македонските династи за превласт на Балканот, Римјаните ја прошириле својата доминација, основајќи колонии во делови од јужна Италија. По заземањето на значајното пристаниште во југоисточниот дел на Апенинскиот полуостров, тие се појавиле на видикот на македонските династи, а се смета дека Птолемај II уште во овој ран период испратил и своја амбасада во градот.

264 **Основана е Никомедија – важен центар на македонскиот империјализам и нова престолнина на Римската империја по 286 година**. По смртта на Лизимах, еден од локалните владетели Никомед, со

помош на македонскиот династ Антигон Гонат успеал да го сопре ширењето на власта на Селевкидската династија на крајниот северо-запад на Мала Азија. Никомед го основал градот, кој го добил името по него, а во својот тестамент овој град, заедно со блискиот Бисант, ги ставил под заштита на Антигон Гонат и Птолемај II Филаделф. По неговата смрт владеела неговата жена, која подоцна дошла на дворот во Пела. Неговото кралство останало во блиски контакти со владетелите од Пела, од каде доаѓале голем дел од кралиците на овој локален двор. Македонските принцези во Битинија биле значаен ресурс на македонската моќ и гарант на сојузништвото со овој стратешки важен локален центар на портите на Азија.

260–253 **Втора сириска војна** - воен судир помеѓу Птолемаидите и Селевкидите.

255 **Подигната е најпознатата скулптура од македонскиот империјален период Крилестата Победа (Ника) од Самотракија** од страна на македонскиот династ Антигон Гонат во чест на неговата поморска победа над Птолемаидите. Сепак, ова врвно уметничко дело е сеуште различно датирано од различни експерти во областа, а дел од нив го поврзуваат и со таткото на Антигон Гонат, Деметриј Опсадникот.

255-245 **Диодот Спасителот**, владетелот на илјадници градови во Бактрија, како што го нарекува Јустин, помеѓу првите се отцепил од централната власт на Селевкидите.

245 **Регионалниот управник (сатрап) Андрагора во Партија прогласил независност од централната власт на Селевкидската династија**

250 **Династот Ашока на своите камени едикти ги опишува релациите со Македонските династи**, од Антиох на исток до Магас на запад, на кои им праќа учени или религиозни луѓе, рецепти и лековити билки.

246–241 **Треата сириска војна** – воен судир помеѓу Птолемаидите и Селевкидите.

239 **Починал македонскиот крал-философ Антигон Гонат.**

226-223 **Во рамките на бунтот на повеќе локални владетели и источни народи против македонската централна власт прв пат се споменуваат и Парните (или Апарни).** Овие номадски племиња од Туркменистан се поврзуваат директно со елитити кои еден век подоцна ќе завладеат важни територии од Македонските династи во Азија, нарекувајќи се нејзини наследници, попознати како Партијци.

222 **Битката кај Селасија** - Во битката македонскиот династ од Пела со своите локални сојузници ја поразил Спарта и го најавил крајот на независната историја на уште еден значаен полис и регионален центар на Хелада пред доаѓањето на Македонците. По поразот на Спартанците и смртта на нивниот крал во битката со Антипатар, во нивниот обид за ослободување на полисите од Македонците во 331, Александар бил милослив со нив и единствено ги натерал да влезат во Коринтскиот сојуз, така признавајќи ја македонската централна власт. Но, нивниот обид на крајот од III век п.н.е., со поддршка на Птолемајските династи и нивните глобални амбиции, да станат повторно регионална сила на Пелопонез ги

чинел скапо. По катастрофалниот пораз кај Селасија, спартанската независност целосно згаснала, а биле срушени и градските ѕидини.

219–217 **Четврта сириска војна** - воен судир помеѓу Птолемаидите и Селевкидите.

218 **Деметриј од Фар дошол на македонскиот двор во Пела**. Овој локален владетел на островот Хвар, во денешна Хрватска, израснал во наместник и владетел на кралството на Ардиеите. Кралството кое се протегало крај дел од хрватскиот и црногорскиот брег на Јадранот, се до северот на Албанија, било зајакнато со политиките на македонските кралеви, кои го користеле за напади и контрола врз побунетите полиси и сојузи во Хелада. Деметриј на македонскиот двор станал значаен советник на династот Филип V. Тој се залагал Филип да ги прошири своите владенија во Италија, и на тој начин да парира на напорите за постигање на глобална власт од страна на другите македонски династи, наследници на птолемаидскиот и селевкидскиот престол.

218-217 **Маршот на Ханибал преку Алпите**. По тешкиот и успешен марш Ханибал петнаесет години војувал во Италија, победувајќи ги повеќекратно Римјаните, а по губењето на поддршката во Картагена, заминува на дворот на македонскиот династ Антиох III Велики.

214-205 **Прва македонско-римска војна**, помеѓу римската република, која дотогаш не била присутна во македонските династички борби во Источниот Медитеран и Филип V, кралот на Македонците, од македонската династијата на Антигонидите. Иако македонскиот крал бил соочен со притисокот од Аталидската локална династија, побунетите Хелени, и околните племиња, како и новиот фактор Рим, успешно се справил во продолжениот конфликт, и Македонското кралство останало централна сила на Балканот.

212–205 **Походот на Антиох III Велики на исток** – по укинувањето на автономијата на локалните македонски династи во Мала Азија, Антиох III се свртел кон Истокот, враќајќи под централната власт на селевкидскиот двор, повеќе отцепени или автономни територии. Тој ги припоил кон централната власт и поставил нови управници во повеќе сатрапии, а на значајните локални владетели во Комагена и Бактрија им понудил брак со македонски принцези од неговата династичка лоза. Во неговиот поход Партија и Бактрија повторно биле интегрирани кон селевкидската империја, а династот со своите војски стасал и во Индија, каде направил нови договори со индиските владетели кои го преземале Кралството на Ашока. Дури потоа, Антиох тргнал назад, на запад, да ги обедини и европските и африканските територии на некогашната Македонска империја на Александар.

202–195 **Петта сириска војна** - воен судир помеѓу Птолемаидите и Селевкидите

201 **Македонскиот крал Филип V со воени операции во Мала Азија,** зазема повеќе градови и острови крај малоазискиот брег на Егејот.

200-196 **Втора македонско-римска војна**, помеѓу римската република и Филип V, кралот на Македонците, од македонската династијата на

Антигонидите. Римјаните и нивните хеленски сојузници успеале да ја ослободат Хелада од Македонците.

196 **Поставен е Каменот од Розета** – Тријазичниот натпис на грандиозна стела е познат по своето значење во модерноста, како основен текст според кој се дешифрирани египетските хиероглифи. Тој е важен споменик и на класичниот свет, означувајќи го воспоставувањето на култот кон новиот македонски династ во Александрија, Птолемај V. Ова коинцидира со стабилизацијата на власта на оваа династија, по силните предизвици од амбициозните македонски династи од Европа и Азија, Филип V и Антиох III Велики, како и локалните бунтови во Горен Египет. Указот е датиран во месецот Ксантик по македонскиот календар, а датумот е претставен и преку египетскиот календар. Наведени се и четирите избрани свештеници, еден кој служи на култот на Александар III и птолемајските династи, како негови наследници, и по еден за трите кралици за кои бил воспоставен официјален култ.

196 **Слобода на Хелада прогласена од Рим.**

190-150 **Животот на Селевк од Селевкија, античкиот астроном што тврдел дека универзумот е бескраен и ја докажал хелиоцентричната теорија.** Се смета дека овој значаен научник е роден во еден од најголемите центри на македонскиот империјализам, градот Селевкија на реката Тигар во Месопотамија, во периодот на владеење на еден од најголемите македонски династи по смртта на Александар, Антиох III Велики или неговиот син Селевк Филопатор (Таткољубецот). Селевкија на Тигар, заедно со Антиохија на Оронт (Аксиј), била една од најзначајните центри на македонската династија на Селевкидите, која воперидот на Антиох III, не само што обединила повторно значајни територии на Александровата империја во Азија, туку и суштински се заканила да ги преземе териториите на македонските династи во Европа и Африка. Во тие услови, кога на дворот на овие македонски династи и во нивните институции и урбани центри работеле значајни научници, философи и трговци од целиот Стар свет, научните сознанија и пронајдоци како оние на познатиот астроном Селевк станале неминовност. Знаењата од Индија, Европа и Египет се мешале со древните астрономски сознанија на Бабилонците, а научните центри и јадра се натпреварувале за примат. Така, почетоците на хипотезата за хелиоцентризмот се поврзуваат со други центри на македонскиот империјализам, а највеќе со идеите на Аристарх Самиецот, кој, како и македонскиот династ Птолемај II до Алескандрија, бил ученик на Страто, наследникот на Аристотел и Теофраст. Сепак, Селевк од Селевкија бил првиот за кој класичните автори знаеле дека научно го докажал хелиоцентричниот модел. Тој, помеѓу другото, ги истражувал и морските мени (плимата и осеката), правилно поврзувајќи ги со привлекувањето од месечината. Иако, бескрајноста на универзумот и движењето на планетите околу сонцето, не биле широко прифатени во антиката, а уште помалку во средновековието, а само мали делови од неговите текстови се пренесени од одредени арапски извори, значењето на овие идеи за развојот на модерната астрономија и наука се огромни.

186-183 **Забраната на култовите на Дионис во Рим.** Во текот на вториот век п.н.е. глобализацијата на италијанското и Римското општество се интензивирала. Една од најзначајните карактеристики била преземањето на доминантните култови на глобализираниот свет на македонските империи. Во 186 година во таканаречената „Бакханалска завера" Римскиот сенат се кренал против овие окултни пракси кои од странците, слугите и робовите преминале кон високите слоеви во градот, и, според нив, имале за цел да го срушат редот и законот во Рим. Во еден од најголемите религиозни прогони во класичниот период, после оној на Христијаните, биле донесени повеќе уредби и религиозни забрани, а убиени биле преку 7000 следбеници на диониските култови. Сепак, култот и неговото влијание во Рим продолжиле да растат.

180 **Деметриј го започнува својот поход во Индија.** Младиот благородник Деметриј, чиј татко управувал со богатата Бактрија за време на големата експедиција на Антиох III Велики, станал близок со династот и бил вклучен во династичкиот круг, женејќи се за ќерката на Антиох, македонската принцеза Лаодика. Подоцна Деметриј го зел под закрила последниот владетел на индиската империја на Чандрагупта, давајќи му ја за жена неговата ќерка, Береника. По падот на оваа династија во Индија, Деметриј Непобедливиот (Аникет) навлегол со воен поход длабоко на овие територии, а неговите наследници владееле со делови на Индија уште два века.

171-168 **Третата македонско-римска војна**, помеѓу римската република и Персеј, кралот на Македонците, од македонската династијата на Антигонидите.

170–168 **Шестата сириска војна** - воен судир помеѓу Птолемаидите и Селевкидите.

183-182 **Смртта на Ханибал.** По губењето на поддршката во родната Картагена, Ханибал заминал на дворот на македонскиот династ Антиох III. Тој се надевал дека преку овој моќен династ, кој повторно ги обединил земјите освоени од Александар во Азија, и го наметнал своето влијание врз Птолемаидите, ќе успее повторно да ја врати власта во Картагена и да ги порази Римјаните. Сепак, по неуспехот на Антиох да ја прошири својата глобална империја низ Медитеранот, и договорот со Римјаните во Апамеја, Ханибал морал да бега кај друг династ. Тој заминал на дворот на кралот Прусиј I, најзначајниот сојузник на македонскиот династ Филип V на Босфорот. Прусиј бил зет на Филип V, земајќи ја за жена неговата постара сестра, македонската принцеза Апама III од Пела, а од македонскиот крал добил и значајни пристаништа на азискиот брег на Мраморното Море, кои ги преименувал во Прусија и Апамеја. Прусиј I долго се спротивставувал на осамостоените династи од локалната Аталидска династија од Пергам, кои станале најзначаен сојузник на Римјаните во Егејот. Ханибал умрел на дворот на династот Прусиј I, а античките извори не се единствени за причините за неговата смрт.

183 **Смртта на Скипион Африкански.** Еден од најголемите војсководци на Рим, најголемиот проучувач и соперник на Ханибал, умрел во истата година со картагенскиот војсководец. Победувајќи го Ханибал во

битката кај Зама, Скипион го наметнал Рим како најголема сила во Западниот Медитеран. Сепак, на крајот на својата кариера Скипион бил повеќекратно обвинуван и суден во Рим за примање на поткуп од македонскиот династ Антиох III, кој бил и домаќин на неговиот почитуван соперник Ханибал.

169 **Нападот на Евкратидеја** – Додека наследниците на зетот на Антиох III, Деметриј од Бактрија, ги raшириле своите владенија низ Индија, еден од роднините на новиот селевкидски владетел Антиох IV, Евкратид, ја презел власта во Бактрија. Една од главните битки на овие осамостоени династии се водела помеѓу Евкратид, новиот владетел на Бактрија и Деметриј II од Индија за градот Евкратидеја, можеби некогашната Александрија на Окс.

167 **Формирањето на македонските мериди**. По поразот над Антигонидската македонска династија, Римјаните се обиделе да ја неутрализираат силата на доскорешниот хегемон на Балканот, Македонија, ветувајќи им „слобода на Македонците“, се додека плаќаат данок на Рим. Сепак, Македонија, заради својот потенцијал, не смеела да остане обединето кралство, туку да биде организирана во четири одделни области – мериди, со седишта во Пела, Тесалоника, Пелагонија и Амфипол. Сепак, на Македонците, со зборовите на Ливиј, „Македонија им се гледала, така распарчена, како животно раскинато на делови, кои заемно си требаат.“ Затоа, тие кренале повеќе востанија за обновување на македонското кралство.

167-160 **Макавејската војна – важна историска епизода за културниот и религиозниот идентитет на Евреите ширум светот, поврзана и со прославата на Ханука.** Елитите во Јудеја и околните области се наоѓале на стратешка позиција на постојан конфиликт помеѓу двете македонски династички јадра, Птолемаидите од Александрија и Севелкидите од Антиохија. Птолемаидите инвестирале во институционализирање и приближување кон нивниот двор на религиозните и културни традиции на овии важни елити на граничниот појас со Селевкидскиот реалм. Наспроти ова, со зајакнувањето на моќта на Селевкидите, особено во периодот на Антиох III, дел од овие елити како и други елити низ Азија, биле промовирани и силно интегрирани во дворската и високата култура на македонските династи. Во услови на нестабилност и промена на власта помеѓу двете македонски династии дел од руралните елити на Јудеја кренале бунт против нивните високи елити, блиски до селевкидскиот двор и дворската култура. Во локалната граѓанска војна руралните елити ја зеле за симбол традиционалната религија, а бидејќи таа се асоцирала со напорите на Птолемаидите, Антиох IV решил да ги поддржи лојалистите, да го замени свештеникот Јасон со Менелај и да ги забрани дел од локалните религиозни практи. Во судирите помеѓу лојалистите и локалистите бил убиен братот на Менелај, Лизимах, а генералот Трифон и локалниот управник Птолемај, успеале да ликвидираат значајни предводници на руралната фракција. Сепак, подоцнежната нестабилност на селевкидскиот двор предизвикала преовладувањето на руралната фракција наспроти лојалистите, а новиот династ Антиох V, во рамките на пошироките напори за стабилизација им

направил повеќе отстапки. Така, локалната религозна традиција и нејзината одбрана, станала уште поважен аспект од идентитетот на локалните династии, кои се осамостоиле на овие територии во интервалот на нестабилност помеѓу македонскиот и римскиот империјализам.

166 **Фестивалот на Македонската нова година во Антиохија и Дафне** – Оваа значајна манифестација, траела еден цел месец, во организација на македонскиот династ Антиох IV Појавениот-Бог, новиот Дионис, во селевкидскиот центар на Медитеранот, Антиохија. Таа претставувала најзначајната претстава за глобалните амбиции на, во тој момент, најмоќниот македонски династ, на само две години по падот на династијата на Антигонидите во Пела. Синот на Антиох III Велики, уште еднаш го нападнал Египет, наметнувајќи во Александрија династ по своја мерка, ги интегрирал земјите на север и исток под традиционалната власт на Селевкидите, и активно ги пропагирал своите интереси кон Егејот и Западот воопшто. На својот двор ја земал и неговата внука Лаодика, последната кралица од Пела. Во светата поворка од Антиохија до светилиштето на Дафне, која броела 50.0000 војници, од кои половина Македонци, фалангистите и „сребрените штитови“, биле присутни и претставници на различните народи „од целиот свет (екумена)“, вклучувајќи и војници во римска униформа.

165-135 **Владеењето на моќниот династ Менандар** во Индија, Овој династички наследник кој, според античките автори, „…покорил повеќе племиња и од Александар“, станал голем промотор и заштитник на будизмот. Во периодот на неговото владеење и подоцна, од Александрија „на Кавказ“, каде Александар населил 7000 Македонци и други колонисти, во денешен Авганистан, 30 000 будистички монаси, предводени од мудреци од Западот, ја пренеле „убавата религија на Освојувачот“ – Будизмот, се до островот Шри Ланка во Индискиот океан.

163-160 **Сатрапот Тимарх ја отцепува Медија од централната власт на македонската династија на Селевкидите**. Овој пријател на моќниот династ Антиох IV, по неговата смрт се вклучува во династичките борби за селевкидскиот престол. Иако, Тимарх се пробил до Бабилон и се прогласил на централен владетел, „крал на кралевите“, веднаш потоа била поразен и убиен од новиот селевкидски династ Деметриј I, кој го наследил моќниот Антиох, а за жена ја зел и последната кралица на Македонците од Пела, Лаодика V.

151 **Александар го презема престолот на Селевкидската династија**. Тој бил син на македонската принцеза Лаодика IV и свештеничка на култот на династот и нејзин брат Антиох IV во Медија. Превратот со кој Александар станува нов владетел на Азија бил со помош на братот на сатрапот на Медија Тимарх, Хераклид.

150 **Смртта на Лаодика V последната македонска кралица во Пела.** Лаодика, ќерката на македонскиот династ во Азија, Селевк IV, се омажила за Персеј, кралот на Македонцијте во 178/177 г. п.н.е. и со него имала повеќе синови, како Филип и Александар, и една ќерка. Сепак, по поразот на Персеј од Рим, таа не станала/останала заробеник како

нејзиниот сопруг и синови. Напротив, таа во 161 г. п.н.е. станала кралица на Селевкидскиот двор, наследувајќи го заедно со својот брат, Деметриј I Спасителот (Сотер) тронот на својот моќен чичко Антиох IV, кој владеел територии низ голем дел од јужна Азија. Нејзините наследници биле вклучени во династичките борби на селевкидскиот двор.

150-125 **Александар од Антиохија го создал едно од најзначајните дела на класичната уметност - Венера Милоска**. За овој значаен уметник се смета дека потекнувал од големиот медитерански центар на селевкидските династи Антиохија на реката Оронт (или Аксиј), иако повеќе градови ширум Азија во овој период го носеле името на македонскиот династ Антиох. Најчесто се смета дека оваа скулптура е претстава на божицата Афродита, која во овој период станала особено популарна, и заедно со Изида и други женски божества била идентификувана со македонските деифицирани кралици. Сепак, одредени истражувачи тврдат дека станува збор за божицата Тиха (Тихе), што пак може да се поврзе со популарноста на ова божество во периодот на македонскиот империјализам, а особено во родниот град на авторот Александар, Антиохија. Од првата половина на деветнаесеттиот век, статуата се чува во Музејот Лувр, а се претворила не само во симбол на женската елеганција и убавина и достигањата на класичната уметност, туку и симбол на Лувр и светската културна моќ на Франција.

148-142 **Востанијата на последните династички наследници на Антигонидското Македонско кралство против Римјаните** – Филип VI, Александар и Филип VII.

147 **Митридат, водачот на Партите (Парни) ја освоил Медија**. Зафатеноста на македонските наместници и аристократи од Медија со освојувањата на централниот престол на Селевкидската династија на Запад, ја оставило провинцијата незаштитена од навлегувањето на наследниците на номадските Парни.

146 **Римјаните ја заземаат и урикаат Картагена**

138 **Митридат I од Партите се прогласува за Голем крал.** Децениската нестабилност на селевкидскиот престол и бунтот во Антиохија, го искористува Митридат, „водачот на Партите“ и зазема централни делови на селевкидските владенија во Бабилонија, вклучително и важниот центар Селевкија на реката Тигар. Тој заробил еден од претендентите за селевкидскиот престол, Деметриј II, и, преку него, го склучил првиот брак на една партијска принцеза, својата ќерка, со Селевкидите. Митридат I е прв водач на Партите, кој покажал империјални амбиции, земајќи ги титулите Крал на Кралевите и Голем Крал.

135-132 **Востанието на робовите и кралот-роб Антиох на Сицилија.** Крвавите заземања на Македонија и делови од Мала Азија, донело во Италија и Сицилија робови и од големите урбани центри на македонскиот империјализам, од кои голем дел биле образувани и вклучени во високата култура на глобализираниот свет на исток и југ од Рим. Еден од нив бил Евн, познат на Сицилија како пророк и маѓесник, кој потекнувал од македонскиот кралски град, Апамеја, именуван по сопругата на династот Селевк I Никатор. Тој ги искористил крајно неповолните

услови на овие робови и ослободени робови во Сицилија, кренал востание, и формирал свое мало кралство, кое неколку години се спротивставувало на римските војски. За неговото кралство слушаме најчесто од непријателските римски извори, а Диодор Сицилиски сметал дека тој управувал со околу 200.000 „робови“. Робот познат како Евн, се прогласил за крал со името Антиох, а ковал и свои монети под тоа име.

133-129 **Востанието на Аристоник во Мала Азија**

121-63 **Владеењето на Митридат VI**. Митридат, кого Римјаните сакале да го прикажат како локален владетел на Понт, е еден од последните наследници на македонските династи, кој претставувал силна воена закана за Римјаните во Источниот Медитеран. Тој припаѓал на локална династија во Мала Азија, која успеала да се етаблира во III век п.н.е. учествувајќи во конфликтите помеѓу двајцата браќа, принцеви-претенденти за престолот на Селевкидската династија. Од III век, предците на Митридат, ја стабилизирале својата власт во северо-источна Мала Азија, и одржувале силни релации со централната власт на селевкидскиот двор, склучувајќи повеќе бракови со селевкидски принцези. Митридат VI ја презел власта на својот локален двор од својата мајка селевкидската принцеза Лаодика, ќерка на последниот моќен династ од селевкидската династија Антиох IV Епифан. По слабеењето на селевкидската централна управа, и многубројните битки помеѓу наследниците на оваа династија, Митридат се обидел да се претстави како најзначаен наследник на Александар. Преку воени походи и династички бракови обединил под своја власт голем дел од територијата на Мала Азија и пошироки територии под некогашната власт на Селевкидската династија, заедно со своите сојузници ја елиминирал принцезата Клеопатра Селена, а своите соработници Архелај и Неоптолем, како и својот син, ги испратил да ги заземат и териториите на некогашното Антигонидско кралство во Македонија и Хелада. Речиси три декади (89-63г. п.н.е.) војувал со Римјаните, претставувајќи ги како пирати и нецивилизирани дивјаци од „низок род“, кои владееле со дел од териториите на Александар, чиј легитимен наследник бил тој.

104-102 **Војната на небесните коњи** се водела помеѓу династите во Бактрија со центар во Александрија Есхата (Најдалечната), кои се осамостоиле од Селевкидската династија и империјалните војски на Хан династијата од Кина. Целта на кинескиот напад биле високите и силни коњи, дотогаш непознати во Кина, а победата на династијата Хан придонела кон отворањето на „Патот на свилата“ во првиот век п.н.е.

104-100 **Второто востание на робовите и новите кралеви-робови на Сицилија.** Воспоставувањето на кралстото на робовите на Евн Антиох, веројатно оставило елементи на нестабилност и традиција во Сицилија, па неколку децении подоцна во рамките на ново востание на робовите еден од нивните лидери бил повторно прогласен за крал. Тој го земал името Трифон, по селевкидскиот генерал, регент, а подоцна и самостоен владетел од македонскиот кралски град Апамеја, Диодот Трифон. Оваа врска со Апамеја, можеби е и поврзување со традициите на Евн Антиох, кој исто потекнувал од овој град.

94 **Принцезата Клеопатра се мажи за Тигран од Ерменија.** Династот Митридат VI, еден од најзначајните претенденти за глобална превласт на териториите на македонската империја на Александар, наоѓа значаен сојузник во Тигран од Ерменија. Тигран, наследник на генералите на Антиох III од ерменското плато, преку свадбата со Клеопатра, ќерка на Митридат и кралицата Лаодика, се вклучил во глобалната битка за превласт на териториите на Александровата империја. Додека Митридат се концентрирал на освојувањето на териториите на Антигонидската династија, укината од Римјаните и инсталирање на близок владетел на династичкиот двор на Птолемаидите во Александрија, неговиот зет Тигран, се насочил кон Истокот. Тој ги освоил централните територии на Селевкидското кралство, оспорувајќи ја власта на Селевк VII, синот на Антиох X од амбициозната птолемајска принцеза Клеопатра Селена. Заземајќи ја Антиохија од роднината на својата сопруга Клеопатра, Тигран почнал да кова пари со симболот на македонскиот династички центар, Божицата Тихе од Антиохија. Тој успеал да да ги прошири своите владенија и кон исток истиснувајќи ги Партите од централните територии на селевкидската династија во Месопотамија.

91-87 **Сојузничката војна во Италија.** Голем дел од воената сила на Рим, со која го започнал ширењето на своето влијание и моќ низ Медитеранот, се должела на неговите италијански „сојузниците“. Сепак на почетокот на првиот век п.н.е. овие заедници се побуниле против „нееднаквоста“, бидејќи Рим полека ја централизирал моќта врз Италија и придобивките од новите освојувања, особено оние низ богатиот глобализаиран свет на Источниот Медитеран. Иако Рим ја победил војната, дел од италијанските сојузници добиле римско граѓанство и други привилегии.

90-65 **Династот Аминта Победникот во Бактрија и Индија ги ковал најголемите сребрени монети во антиката**. За овој значаен доцен владетел, за кој се смета дека бил наследник на славниот Менандар, но и повеќе осамостоени династички куќи во Бактрија и Индија, се знае многу малку. Но, неговите монети испишуваат значајна историја за неговата власт врз територии од денешна Индија до Авганистан. Тој го зел за себе атрибутот на основачот на селевкидската династичка куќа и александров генерал Селевк Никатор (Победникот). На монетите ковани во име на „Владетелот Аминта Никатор“, како што пишувало на нив, на реверсот како кај различни серии од сите македонски династи се наоѓал Ѕевс седнат на трон. Но, како и кај другите македонски династи, монетите на Аминта говорат и за интегрирање и синкретизација на различни локални и регионални религиозни и културни форми. Така дел од неговите монети се двојазични, на нив е претставено синкретизираното божество Ѕевс-Митра (според одредени научници и божицата Тиха), а дел од монетите ја имаат и квадратната форма, која се развива во Индија. Сребрените монети на Аминта со својот дијаметар од 6 cm и тежина од 85 грама, се значајно поголеми и од импресивните сребреници ковани од Птолемаидите во Египет.

88-82 **Граѓанската војна помеѓу Сула и Гај Мариј.**

88-85 **Архелај се бори со римскиот диктатор Сула за власт во Македонија и Хелада**. Македонскиот благородник Архелај, како и неговиот брат

Неоптолем, бил војсководец и важен член на дворот на еден од последните силни противници на Римјаните во Источниот Медитеран, Митридат VI. Во рамките на антиримските операции на Балканот учествувал и синот на Митридат, а Евфран бил прогласен за крал во Македонија. Римјаните не ја стабилизирале целосно власта во Македонија се до седумдесеттите години на овој век. Иако Архелај бил поразен од Сула, тој останал да биде важен посредник во односите помеѓу римскиот диктатор и Митридат, а добил и значајни поседи на Балканот. Неговот син се оженил со македонската принцеза Береника од птолемајската династија, сестра на познатата Клеопатра VII. Наследниците на Архелај формирале своја локална династија, и владееле со делови на Мала Азија се до средината на I век н.е., а како римски управници и до средината на II век н.е.

82-80 **Сула е диктатор во Рим** – Славниот генерал двапати го зазел Рим и воспоставил режим, кој ги прогонувал и убивал неговите противници.

73-71 **Востанието на робовите предводено од Спартак.** Ова последно големо востание на робовите со кое се соочил Рим, имало силно влијание врз римската и глобалната историја. Спартак, неговиот предводник, кој ја преминал Италија и многукратно ги предизвикал римските војски и војсководци, станал значаен симбол во имагинацијата на Римјаните. Плутарх, на пример, го опишал овој лидер преку неговата „голема храброст и физичка сила, но и ум и хуманост", а други автори го споредувале со Ханибал, како најголем непријател на Италија. Марко Антониј во борбата за превласт, оспорувајќи ја легитимноста на италијанската војска на Октавијан, него го нарекол Спартак, а Кикерон пак, кој ги сметал Марко Антониј и неговата сојузничка Клеопатра за најголеми непријатели на Италија, го споредил Антониј со Спартак. Се смета дека Спартак потекнувал од околина на реката Струма, а во градот Сандански, му е подигнат и споменик. Името Спартак, се поврзува со римската перцепција за него како тракиец, бидејќи во изворите бил поврзуван со Медите, едно од племињата кои често ја напаѓале Македонија по течението на Струма, по падот на Антигонидската династија. Првичното заробување на Спартак, дел од историчарите го поврзуваат со антиримските побуни во Македонија, по навлегувањето на Архелај и синот на Митридат на Балканот 88-85 г. п.н.е. Тогаш, побуните и нередите во Македонија, кои често биле поврзани со тракиските племиња и локални владетели, Римјаните се труделе да ги прекинат повеќе од една деценија. Походите на Спартак и неговите следбеници низ Италија биле најпосле спречени од Крас и Помпеј, кои преку овој потфат се наметнале врз римскиот Сенат, полека истиснувајќи ги републиканските традиции во Рим.

64 **Римскиот генерал Помпеј го организирал убиството на Антиох XIII**, синот на Антиох X и птолемајската принцеза Клеопатра Селена. Првично, Рим официјално ја признавал власта на овие последни владетели од директната линија на селевкидската династија, кои имале претензии и кон птолемајскиот престол во Александрија. Тие, оспорени и од Митридат и неговиот зет и сојузник Тигран од Ерменија, биле потенцијален сојузник на Римјаните. Сепак, по победата над Митридат,

римскиот генерал Помпеј, со идеја да воспостави директна власт на овие територии, го организирал предавството и убиството на династот Антиох XIII, од страна на еден локалниот бедуински лидер, Сампсикерам, на кого му ветил и независна власт (круна).

60-53 **Првиот триумвират**. Оваа неформална коалиција на Помпеј, Кајсар (Цезар) и Крас имала за цел преку своите влијанија помеѓу пониските класи и нивните претставници и војската, да ја преземе власта на Рим од Сенатот. Тројцата содружници се истакнале во воени соочувања и си поделиле власт врз различни делови надвор од Италија, каде што можеле да освојуваат и создадат богатство и влијание. Сепак, по смртта на Крас, сојузот се распаднал, а Помпеј влегов во сојуз со Сенатот против Кајсар.

55 **Помпеј го изградил првиот театар од камен во Рим.**

58-51 **Походите на Јулиј Кајсар (Цезар) во Галија.**

57-37 **Владеењето на Ород II со Партијското кралство.** По поразот на Митридат и Тигран од страна на Римјаните, владетелите на Партите, повторно се појавиле како централни претенденти за наследството на селевкидскиот престол. Ород II се оженил со принцезата Лаодика, чија мајка била селевкидска принцеза, и на тој начин ги легитимирал партијските амбиции за наследство на глобалната империја и титулата „крал на кралевите“. Тој ја стабилизирал својата власт во еден од двата најзначајни центри на селевкидскиот реалм, градот Селевкија на Тигар. Од овој град кој броел на 600.000 жители, а во него централна улога имал советот на македонските старци (пелигани), тој, заедно со значајниот наследник на селевкидските династи, Антиох I од Комагена, го одбранил од римскиот генерал Крас. Ород создал значајно влијание не само на Истокот, туку и на Запад. Склучил повеќе коалиции со локалните благородници и кралеви, а се вмешал повеќепати и во борбите за превласт помеѓу различните римски генерали, испраќајќи свои војски се до Филипи во Македонија. Во негово име се исковани повеќе монети отколку во периодот на владеење на блико кој друг партијски династ. На нив, Ород, по примерот на македонските династи, бил претставен со дијадема и претстави на сонцето и месечината, а на реверсот била присутна и претстава на божицата Тиха.

54-53 **Ород II и Антиох I од Комагена го поразуваат Крас**. Најбогатиот Римјанин, кој ја поделил власта врз Рим со Помпеј и Кајсар, тргнал во голем воен поход на селевкидската престолнина Селевкија на Тигар, тогаш под власта на Партите. Војските на Ород, заедно со значајните локалните кралеви и наследници на Селевкидската династија му нанеле огромен пораз на Крас. Според Плутарх, главата на римскиот генерал била донесена кај кралевите, кои во тој момент, во рамките на вековната традиција на македонските дворови, ја гледале претставата Бакхи, која Еврипид ја напишал токму во Македонија. Главата на Крас била искористена на сцената на театарската претстава, како онаа на Пентеј, локалниот владетел на Теба кој во „Бакхи“ се спротивставувал на богот Дионис.

52 **Битката кај Алесија.** Во оваа значајна битка Кајсар го победил Веркингеторикс, локален водач, кој обединил неколку племиња во

денешната област Бургундија, во Франција. По француската револуција Веркингеторикс се трансформирал во симбол на единството и силата на древните Гали и современите Французи, а ваква симболика има и денес.

49 **Цезар ја преминувал реката Рубикон – „Коцката е фрлена“.** Римскиот Сенат, кој ги претставувал интересите на аристократијата во градот, му ја одземал на Кајсар империјата (водството) во Галија, и по неговото одбивање на одлуката, го повикал развластен во Рим, со извесност дека ќе му се суди за големи престапи. Неговите поддржувачи во Сенатот, како Марко Антониј, побегнале од Рим и му се придружиле. Тој во 49 г. п.н.е., со дел од војските кои уште ги командувал, ја преминал реката Рубикон (црвена), во северна Италија, која претставувала тогашна граница помеѓу Галија и Италија. Со оваа постапка, овој развластен генерал со војска влегол на териториите на Италија под директна власт на Сенатот и станал официјален непријател на Рим.

49 **Солун ново седиште на Римскиот сенат**. И покрај тоа што бил развластен и прогласен за непријател на Рим, никој во Италија сериозно не се обидел да му се спротивстави на Кајсар. Набрзо по неговото напредување кон Рим, Помпеј со неговите поддржувачи, војска и бродови, 200 Сенатори, 2 конзули, а подоцна и римските генерали задолжени за Хиспанија, побегнале во Македонија. Во македонската метропола, Тесалоника, според античките автори, бил направен нов „римски сенат“ надвор од Рим, а оттука и од блиската Бероја, Помпеј и Сенаторите, ги осмислувале своите планови за соочување со Кајсар. И покрај првичните успеси кај Дирахиум (Драч), сепак победата ја однел Кајсар во Тесалија, а Помпеј морал да се повлекува кон Исток.

48 **Кикерон бега пред Кајсар и доаѓа во Солун.** Во Рим неговата централно сместената богата куќа била конфискувана. Куќата Кикерон ја купил од најбогатиот Римјанин Крас, со парите од политичката трговија со профитот од Македонија. Таа сместена недалеку од Форумот го означувала и неговото политичко влијание во градот. По конфискувањето, куќата била срушена, а местото пренаменето за храм на божицата на слободата.

48 **Помпеј убиен во договор помеѓу римските војници и советниците на македонскиот династ Птолемај XIII** – се смета дека доаѓањето на Помпеј во Египет било протолкувано како опасност за младиот владетел, бидејќи во служба на македонскиот династ веќе имало повеќе римски платеници, кои можеле да се одметнат и да ја загрозат неговата безбедност и стабилноста на империјата.

48 **Кајсар се вклучува на страната на кралицата Клеопатра VII во војната за птолемајскиот престол со династот Птолемај XIII и кралицата Арсиноја IV**. Двајцата сопружници и владетели во Александрија, се постари брат и сестра на Клеопатра VII.

47 **Клеопатра VII ја презема власта во Александрија.** Таа станува совладетел со нејзиниот помал брат Птолемај XIV. Се раѓа Птолемај XV, син на Клеопатра од Кајсар. Со ова, Кајсар станува првиот Римјанин, чија крв се вклучува во империјалната династичка лоза. Тој ја проширува

власта на птолемајските династи во Источниот Медитеран, и се враќа да воспостави ред во побунетиот Рим и западниот Медитеран.

46-44 **Клеопатра и Птолемај XV, синот на Кајсар, престојуваат во Рим**. По смртта на Кајсар тие се враќаат во Александрија, а Птолемај XV е прогласен за совладетел од страна на Клеопатра.

45 **Јулијанскиот календар прифатен во Рим** – Подготвен од александрискиот учен Сосиген и други философи и астрономи од македонските династички дворови, календарот бил предложен од Кајсар (Цезар) и прифатен како нов календар во Рим. Останал во употреба на Запад еден и пол милениум.

44 **Смртта на Јулиј Кајсар (Цезар).** Во оваа година Цезар е прогласен за доживотен диктатор на Рим. Тој станува и прв Римјанин чиј лик се појавува на римските пари. Неговиот прв соработник Марко Антониј бил испратен во Македонија, да го подготвува големиот поход на Кајсар кон Истокот. Сепак, римските елити, кои сметале дека Кајсар сака да се прогласи за бог и крал на Рим, во стилот на македонските династи, и да ја пресели престолнината на империјата во Александрија или друг центар во Источниот Медитеран, ги спречиле неговите големи империјални планови, извршувајќи атантат врз него на официјална средба на Римскиот Сенат.

44-43 **Кикерон ги напишал четиринаесетте Филипики.** Говорите посветени против Марко Антониј, Кикерон ги напишал под инспирација на говорите на Демостен против Филип II, кралот на Македонија. Овој последен значаен бранител на Римската република, подолго време ја градел својата кариера како заштитник на републиката од глобалните монархистички традиции, кои доаѓале од македонските династички центри. Како еден од најголемите противници на Кајсар, често зборувал дека е штета што најблискиот соработник на режимот на Кајсар, генералот и конзул Марко Антониј не бил убиен заедно со него. Кикерон во краткиот период по смртта на Кајсар, станал главна личност на римскиот сенат, тој му помогнал на Октавијан да се наметне во Рим, се со цел да го засени влијанието на Марко Антониј помеѓу приврзаниците на Кајсар. Кикерон бил главен инспиратор на воените акции на Сенатот против Антониј, и со своите говори, во линија со заговорниците против Кајсар, кои се нарекувале „ослободители“, сакал да го претстави Антониј како непријател на Рим, кој ќе му ја одземе слободата, како што Филип Македонски и ја одземал слободата на Хелада. Сепак, Октавијал склучил договор со Марко Антониј, а Кикерон во рамките на прогоните против противниците на Кајсар бил убиен.

42 **Марко Антониј и Октавијан ги поразуваат Ослободителите на Римската Република кај градот на Филип II Македонски, Филипи.** Во битката загинале многу видни римски првенци, а Марко Антониј во знак на почест, го завиткал телото на водачот на „ослободителите“ Брут, поранешен близок соборец на Кајсар и Антониј, во црвена наметка.

40 **Договорот во Брундисиум** Со овој договор на крајниот југоисток на Италија, Марко Антониј, Октавијан и Лепид го поделиле влијанието врз римските територии. По елиминирањето на Лепид и синот на Помпеј,

Антониј и Октавијан го поделиле влијанието, помеѓу источниот и западниот Медитеран. Под управата на Антониј се нашле териториите на македонските династи завземени од Римјаните, кои биле испреплетени со многубројни кралства, со кои владееле наследници и локални административци на некогашните македонски династи. Од клучно значење за неговата позиција на Истокот и воопшто, било сеуште доминантното јадро на Птолемајската македонска династија, во Александрија, каде Клеопатра VII не само што владеела со Египет, туку како совладетел го избрала својот син од Кајсар, единствениот биолошки наследник на „новиот римски бог".

37-36 **Донациите во Антиохија.** Донации во Антиохија, претставувале важен континуитет со политиките на Кајсар, а со кој бил согласен ни Октавијан. Во донациите во Антиохија, Клеопатра VII била претставена како единствен легитимен наследник на Селевкидскиот престол и официјален владетел на Азија. На овој начин овој сојузник на Кајсар и неговите наследници, бил прогласен за доминантен наследник помеѓу многуте локални или самопрогласени наследници на македонскиот империјализам. Во значајните манифестации во Тир и Антиохија, во стилот на македонските династи, Клеопатра бил облечена во костуми и со симболи на Афродита, и други важни божици во Азија, со кои се идентификувале култовите на македонските кралици. На династијата на Клеопатра VII и Птолемај XV, син на Клеопатра од Кајсар, и биле дадени или вратени од страна на Антониј повеќе поседи низ Источниот Медитеран. Наспроти тоа, на манифестацијата во Антиохија биле претставени и децата близнаци на Клеопатра од Антониј, кои биле именувани со династичките имиња и епитети Александар Сонце (Хелиј) и Клеопатра Месечина (Селена). Клеопатра била прогласена за официјален наследник и династ на престолот на Селевкидите, прогласувајќи нова ера/ сметање на времето, а биле издадени и нови монети со претстава на Клеопатра и Антониј. Во оваа насока, Антониј започнал и поход врз главниот соперник за титулата „крал на кралевите" и наследството на Селевкидскиот престол, Партите. Сепак, успеал да го порази само важниот локалниот владетел во Ерменија, а воспоставил и блиски луѓе на престолите на одредени локални кралства, произлезени од македонските империи, кои ја прифатиле централната улога на Клеопатра.

34 **Донациите во Александрија**. Оваа важна историска епизода претставувала последна голема политичка манифестација на македонскиот империјален систем. Во донациите во Александрија, како кулминација на коалицијата на Кајсар и Антониј со Клеопатра VII, било официјално обновено македонското кралство, под власта на Птолемаидите, а приклучок кон овој познат модел на управување со светот добиле и Римјаните, или барем наследниците на Кајсар и Антониј. Во свечената процесија, Клеопатра биле облечена во костум на Изида, божицата поистоветувана со македонските кралици, Антониј бил повторно претставен како Дионис, по примерот на македонските династи, а жртва била дадена на династичкиот бог Сарапис. Клеопатра и нејзините деца, биле прогласени за Кралици и Кралеви на Кралевите, што во македонскиот империјален систем значело владетели на

универзумот. Владеењето на новата светска империја било поделено на: 1. централните територии на Птолемаидите, Египет и источниот Медитеран, кои им биле дадени на македонската кралица Клеопатра VI и нејзиниот син од Кајсар, Птолемај XV, заедно со централната власт над универзумот; 2. на нејзиниот син Птолемај Филаделф, од Антониј, му биле дадени централните владенија на Селевкидите на запад од Еуфрат, 3. на Александар Хелиј, владенијата на Селкидите од Еуфрат до Индија; 4. најпосле, на Клеопатра Селена и била дадена Киренајка (Либија) на Запад. На целосно сребрениот подиум биле поставени златни престоли за секој од нив, Птолемај Филаделф бил облечен во типична македонска облека со каусија и дијадема, а Александар, со симболи на медиските (персиските) кралеви, како континуитет со персиската империја.

31 **Битката кај Актион** – поразот на Марко Антониј и Клеопатра од римските војски предводени од Октавијан.

30 **Смртта на Клеопатра VII.**

## Зачетоците на римскиот империјализам

28-27 **Октавијан го зема името Август**, создаден е принципатот. Повеќедецениското владеење на Август, освен прогласувањето на Египет за провинција под негова директна власт, не донело значајни промени во Источниот Медитеран. Наспроти тоа, акумулацијата на добра од значајните центри на македонскиот империјализам, како Тесалоника, Антиохија и, особено, Александрија, го трансформирале Рим во периодот на Август, од град изграден со тули, во метропола од мермер, по примерот на монденските центри од Истокот.

27-1 **Проширување на римската власт во Шпанија, кон Алпите и северните делови на Балканот до Дунав**.

25 **Умира Аминта, кралот на Галатија**, централна Мала Азија. Овој локален владетел, успешно лавирал во конфликтите помеѓу римските фракции, преминувајќи од сојузник на Брут, во сојузник на Марко Антониј и најпосле сојузник на Октавијан. Иако Октавијан ја припоил неговата територија кој Рим, неговите наследници останале важни наместници на империјата во Мала Азија и источните провинции, а во вториот век се пробиле и до највисоки позиции во империјата под власта на Трајан.

19 **Смртта на Вергилиј** – Август заслужен за спасување на делото Ајнеида.

18-17 **Глафира, ќерката на кралот Архелај, кој владеел со Кападокија во Мала Азија, се омажила со Александар, синот на Херод, кралот во Јудеја**. Ова биле првата значајна принцеза со македонско потекло во новата локална династија на Херод. Според познатиот еврејски историчар Јозеф Флавиј, таа не престанувала да се фали со своето македонско и персиско империјално потекло, уште од „Темен и Dареј“, а другите принцези на дворот ги гледала како пониска класа.

25-5 **Клеопатра Селена - кралица на Мавританија.** Во Донациите во Антиохија и Александрија на ќерката на Антониј и последната значајна македонска кралица на кралевите Клеопатра VII, Клеопатра Селена, и бил доделен Западот, што во контекст на македонските империјални поседи, значело Либија. Сепак, битката кај Актион барем делумно ги спречила големите империјални планови на родителите на Клеопатра Селена. Од друга страна, политиките на Октавијан не донеле сериозни промени во династичката стуктура поставена од Клеопатра и Антониј. И покрај елиминирањето на нејзините браќа, по краткиот престој во Рим, Клеопатра Селена била омажена за кралот Јуба на соседната Нумидија, кој пораснал во семејството на Кајсар, а како посед им бил даден крајниот југозапад на Медитеранот, кралството Мавританија. Овде, Клеопатра Селена и нејзиниот сопруг изградиле нов просперитетен свет, кој се простирал до атлантските брегови поврзувајќи ги со трговијата и размената со целиот Медитеран. Симболиката на ова просперитетно кралство кое го контролирало Гибралтар, била насочена кон проекциите и традициите на Клеопатра VII, која на својата ќерка и новата кралица на Мавританија уште во детството и го обезбедила наследството на титулата кралица на универзумот, „кралица на кралевите". Синот на Јуба и Клеопатра Селена, Птолемај изградил импозантен храм-мавзолеј на своите родители, а бил и голем покровител на уметноста во кралството и пошироко. Тој и неговите наследници, кои влегле во брачни релации со новоосамостоената династија во Емеса, станале клучни алки на крвен континуитет и наследство од македонските империи и Александар на кое се повикувале подоцнежните римски императори и други регионални владетели.

9 п.н.е. **Осветен е Храмот на Мирот во Рим**. Овој значаен споменик на класичната уметност е екслузивен приказ на политиките и пропагандата на Август во Рим. Во него се рефлектирани напорите да се покаже единството на новата владеачка куќа на Август и наследниците на Кајсар, па дури и оние на Антониј. Идејата е преку приказ на официјалниот храм на божицата на Мирот, да се означи крај на внатрешните конфликти и војни помеѓу различни лидери и сегменти на римското општество, кои траеле речиси еден век. Во исто време, споменикот ја рефлектира и политиката на Август кон династиите и кралствата на исток, каде тој во најголем дел го задржува претходниот поредок.

36 п.н.е.- 17 н.е. **Архелај владеел половина век со Кападокија, и станал еден од највлијателните династи на неговото време**.

Архелај бил еден од наследниците на македонскиот благородник и генерал, Архелај, централен лик во конфликтот на династот Митридат VI и римскиот диктатор Сула. Неговите родители биле блиски сојузници на Марко Антониј. Антиох, како династ од Кападокија, уште за време на животот на Октавијан Август, повторно го обединил античкиот свет по моделот на Александриските донации. Тој најпрвин склучил брак со принцеза од династијата во Ерменија, наследник на Митридат VI и неговиот зет Тигран, а подоцна ја зел за жена и кралицата на Босфорското кралство, Питодорида, која била наследник на Марко Антониј, од прва неговата ќерка Антонија. Децата на Питодорида

подоцна владееле со Тракија и Босфор, а ќерката на Архелај, Глафира, најпрво била омажена од него за синот на Херод од Јудеја, Александар, а подоцна за кралот на Мавританија, и син на Клеопатра Селена, ќерка од бракот на династот Клеопатра VI и римскиот војсководец Марко Антониј.

25 п.н.е.-10 н.е. **Страто III Филопатор Сотер** владеел подолг период заедно со својот татко, во северо-источна Индија, како еден од последните познати директни наследници на македонските династи.

20 п.н.е.-50 н.е. **Животот на Федар од Македонија кој прв ги превел Езоповите басни и пишувал свои на латински.**

Иако за Федар (Фајдро) малку се знае, се смета дека тој бил донесен како роб од Пидна, Македонија, во Рим, а подоцна ослободен, во периодот на владеење на Октавијан. Езоповите басни добиле популарност во периодот на македонскиот империјализам, а Езоповата романса, која подоцна се проширила и кон Рим, се доближувала со својата популарност до Романсата на Александар. Во ова дело Езоп е претставен како фригиски роб помеѓу Хелените, а поради неговата посветеност кон божицата Изида таа му ја поклонува дарбата за раскажување, по што тој го надмудрува својот господар, хеленски филозоф, и му ја презема жената. Во делото Езопија на познатиот македонски поет Посидип од Пела, кој работи на дворот на Птолемаидите, значајно внимание било посветено и на Езоповата љубов, робинката од Родопите, Дориха. Сепак пренесувајќи ги басните во Рим и како што велат модерните проучувачи „учејќи ги животните да зборуваат латински“ Федар станал клучен за популаризацијата на басните во Рим, во средниот век и во модерноста. Федар станал и основна инспирација на најпознатиот светски баснописец на модерноста Лафонтен, како и на бројни приредувачи и баснописци ширум Европа.

## Завршни согледувања

Request full PDF from the Publisher

Request full PDF from the Publisher